Сектор за меѓународна трговска соработка
Departamenti i Bashkëpunimit Tregtar Ndërkombëtar

# УПАТСТВО
# ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ЛИЦЕНЦА ЗА ПРОДАЖБА НА АЛКОХОЛНИ ПИЈАЛОЦИ

Согласно член 23-а од Законот за трговија ("Службен весник на Република Македонија " бр. 16/04, 128/06, 63/07, 88/08, 159/08, 20/09, 99/09, 105/09, 115/10, 158/10, 36/11, 53/11, 148/13, 164/13, 97/15, 129/15, 53/16 и 120/18), трговецот на мало кој врши продажба на алкохолни пијалоци е должен да поседува лиценца. Продажбата на мало се врши во (продавници, стоковни куќи, самопослуги, маркети и киосци), на пијалоци наменети за крајните потрошувачи.

Ова упатство не важи за трговците на големо.

## 1. Потребни документи за стекнување на лиценца за продажба на алкохолни пијалоци

1.1. Трговецот на мало кој за **прв пат се стекнува со лиценца за продажба на алкохолни пијалоци** треба во Министерството за економија и труд да поднесе барање, заедно со следната пропратна документација:

- Пополнето барање согласно теркот на барањето дадено во Правилникот за формата и содржината на образецот на барањето за издавање лиценца за продажба на алкохолни пијалоци, формата и содржината на образецот на лиценцата за продажба на алкохолни пијалаци и формата, содржината и начинот на водење на регистарот за издадени и одземени лиценци ("Службен весник на Република Македонија " бр. 184/19) - (**Прилог 1)**
- Оригинал тековна состојба издадена од Централен регистер на Република Северна Македонија не постара од шест месеци
- Оригинална уплатница (образец ПП 50) за платен надомест за добивање на лиценца во износ од 20.000,00 денари- **(Прилог 2)**
- Оригинална уплатница (образец ПП 50) за административна такса во износ од 50,00 денари- **(Прилог 3)**

1.2. Трговецот на мало кој ќе ја **продолжи лиценцата за продажба на алкохолни пијалоци**, треба во Министерството за економија и труд да поднесе барање, заедно со следната документација:

- Пополнето барање согласно теркот на барањето дадено во Правилникот за формата и содржината на образецот на барањето за издавање лиценца за продажба на алкохолни пијалоци, формата и содржината на образецот на лиценцата за

продажба на алкохолни пијалаци и формата, содржината и начинот на водење на регистарот за издадени и одземени лиценци ("Службен весник на Република Македонија " бр. 184/19) - (**Прилог 1)**

- Оригинална уплатница (образец ПП 50) за платен надомест за добивање на лиценца во износ од 5.000,00 денари- **(Прилог 4)**
- Оригинална уплатница (образец ПП 50) за административна такса во износ од 50,00 денари- **(Прилог 3)**

1.3. Трговецот на мало кој ќе ја **продолжи лиценцата за продажба на алкохолни пијалоци и има над три објекти/подружници за продажба на алкохолни пијалоци**, треба во Министерството за економија и труд да поднесе барање, заедно со следната документација:

- Пополнето барање согласно теркот на барањето дадено во Правилникот за формата и содржината на образецот на барањето за издавање лиценца за продажба на алкохолни пијалоци, формата и содржината на образецот на лиценцата за продажба на алкохолни пијалаци и формата, содржината и начинот на водење на регистарот за издадени и одземени лиценци ("Службен весник на Република Македонија " бр. 184/19) - (**Прилог 1)**
- Скратен исказ од годишната сметка издаден од Центарелен регистер на Република Северна Македонија
- Доказ за остварен приход од трговија на мало, доколку остварува приходи и по други основи (биланс на успех)
- Оригинална уплатница (образец ПП 50) за платен надомест за добивање на лиценца во износ од 15.000,00 денари- **(Прилог 5)**
- Оригинална уплатница (образец ПП 50) за платен надомест во висина од 0,05% од вкупниот промет остварен во трговијата на мало, остварен во претходната година за добивање на лиценца - **(Прилог 6)**
- Оригинална уплатница (образец ПП 50) за административна такса во износ од 50,00 денари- **(Прилог 3)**

**Напомена:** административната такса може да се изврши со електронско плаќање со смс порака преку мобилен телефон.

**Чекор 1**

-смс пораката е со следната содржина:

ТМ (празен простор) ИМЕ (празен простор) ПРЕЗИМЕ (празен простор) ЦЕНА

ПРИМЕР:

ТМ Марија Марковска 50

Пораката се праќа на бројот

**144 166**

**Чекор 2**

По испраќање на пораката ќе добиете повратна смс порака, која ќе го содржи вашиот трансакциски код.

Кодот испратете го на администраторот во Министерството за економија и труд за да се провери уплатата. Воедно, сочувајте го кодот, не го бришете поради можноста тој дополнително да се побарано од администраторот.

## 2. Рок на важење на лиценцата за продажба на алкохолни пијалоци

Лиценцата за продажба на алкохолни пијалоци со која се стекнува трговецот на мало важи за период од 2 години од датумот на нејзино издавање и истата не е преносива, односно ќе важи за објектот/подружницата чија адреса е наведена во лиценцата.

Лиценцата престанува да важи по истекување на рокот на важност.

Доколку трговецот на мало ја променил адресата на објектот/подружницата, ќе се стекне со нова лиценца, а веќе издадената лиценца ќе престане да важи доколку рокот од 2 години не е истечен.

Доколку трговецот на мало сака да ја продолжи лиценцата за наредни 2 години, тогаш ќе треба да поднесе барање во Министерството за економија и труд 30 дена пред истекување на рокот на лиценцата.

Министерството за економија и труд е должно да го потсети трговецот (носителот на лиценцата) за истекување на периодот на лиценцата.

Потсетувањето го врши администратор во Министерството за економија и труд со испраќање на електронска порака на e-mail адресата на трговецот, која е наведена во Тековната состојба издадена од Централен регистер на Република Северна Македонија.

## 3. Прием на барање за стекнување на лиценца за продажба на алкохол

Трговецот е должен за нова лиценца или за продолжување на веќе издадена лиценца за продажба на алкохол да поднесе Барање заедно со пропратните документи во архивата на Министерството за економија и труд, со седиште: ул. Јуриј Гагарин бр.15, Скопје или по пошта во затворен плик, назначено за Министерството за економија и труд -Сектор за Меѓународна трговска-соработка.

Прием на странки во архивата е секој работен ден од 8.30 часот наутро до 16.00 часот на пладне.

Барањето ќе биде заведено во архивата на Министерството за економија и труд, со датум на прием.

Доколку Барањето е за продолжување на лиценцата за продажба на алкохол, датумот на прием треба да биде пред истекот на рокот даден во долниот лев агол на лиценцата за продажба на алкокол.

Доколку Барањето за продолжување на лиценцата за продажба на алкохол се достави по пошта, ќе се смета датумот на прием во пошта.

Секторот за меѓународна трговска соработка ќе ја изработи Лиценцата за продажба на алкохол во период од 5 дена од прим на барањето.

Сектор за меѓународна-трговска соработка

Телефон за контакт: 3093-437

Република Северна Македонија
**Министерство за економија и труд**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Ekonomisë dhe Punës**

Сектор за меѓународна трговска соработка
Departamenti i Bashkëpunimit Tregtar Ndërkombëtar

**Прилог 1**

Арх. бр. и датум

ДО МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА И ТРУД
-Сектор за меѓународна трговска соработка

Б А Р А Њ Е
ЗА ИЗДАВАЊЕ ЛИЦЕНЦА ЗА ПРОДАЖБА НА
МАЛО НА АЛКОХОЛНИ ПИЈАЛАЦИ

Од ______________________________________________________________
(Назив и седиште на субјектот)

______________________________________________________________

Бараме да ни се издаде Лиценца за продажба на алкохолни пијалаци на мало за малопродажниот објект:

__________________________________________________

________________________________________________________

________________________________________________________

________________________________________________________________

Означи го видот на барањето со ☒

☐ Кон барањето за издавање лиценца се приложени следниве документи:

-Оригинална тековна состојба на трговецот на мало, издаден од Централниот регистар на Република Северна Македонија;

-оригинална уплатница за платен надоместок во износ од 20.000,00 денари и

-оригинална уплатница за платена административна такса во износ од 50,00 денари.

☐ Кон барањето за продолжување на лиценца трговецот на мало кој има до три продажни објекти се приложени следниве документи:

-оригинална уплатница за платен надоместок во износ од 5.000,00 денари и

-оригинална уплатница за платена административна такса во износ од 50,00 денари.

☐ Кон барањето за продолжување на лиценца трговецот на мало кој има над три продажни објекти се приложени следниве документи:

-оригинална уплатница за платен надоместок во висина од 0,05% од вкупниот промет остварен од трговија на мало остварен во претходната година;

-скратен исказ од годишна сметка издаден од Централен регистар на Република Северна Македонија;

-доказ за остварен приход од трговија на мало, доколку остварува приходи и по други основи;

-оригинална уплатница за платен надоместок во износ од 15.000,00 денари и

-оригинална уплатница за платена административна такса во износ од 50,00 денари

Телефон и лице за контакт
______________________________

Одговорно лице
_________________
(име и презиме)

Сектор за меѓународна трговска соработка
Departamenti i Bashkëpunimit Tregtar Ndërkombëtar

**Прилог 2**

| | |
|---|---|
| Датум на валутата: | НАЛОГ ЗА ЈАВНИ ПРИХОДИ |
| Налогодавач | Примач |
| Назив на налогодвачаот: | Назив на налогопримачот: Министерство за финансии Скопје |
| Банка на налогодавачот: | Банка на примач: Народна Банка на Република Северна Македонија |
| Трансакциска сметка на налогодавачот: | Трансакциска сметка на налогопримачот: 100000000063095 |
| Даночен/матичен број или ЕМБС: | Износ: 20.000,00 МКД |
| Повикување на број (задолжување): | Уплатна сметка: 840 xxx 06889 |
| Цел на дознаката: Уплата на надомест за добивање на лиценца | Сметка на буџетски корисник: |
| Потпис: | Приходна шифра и програма: 71813900 Начин: 2 |
| Налог ПП50 | Датум на валута: Место: |

**Прилог 3**

| | |
|---|---|
| Датум на валутата: | НАЛОГ ЗА ЈАВНИ ПРИХОДИ |
| Налогодавач | Примач |
| Назив на налогодвачаот: | Назив на налогопримачот: Министерство за финансии Скопје |
| Банка на налогодавачот: | Банка на примач: Народна Банка на Република Северна Македонија |
| Трансакциска сметка на налогодавачот: | Трансакциска сметка на налогопримачот: 100000000063095 |
| Даночен/матичен број или ЕМБС | Износ |

| | |
|---|---|
| | 50,00 МКД |
| Повикување на број (задолжување) | Уплатна сметка<br>840 xxx 03161 |
| Цел на дознаката<br>Уплата за административна такса | Сметка на буџетски корисник |
| Потпис | Приходна шифра и програма: 72231300 — Начин: 2 |
| Налог ПП50 | Датум на валута — Место |

**Прилог 4**

| | |
|---|---|
| Датум на валутата | НАЛОГ ЗА ЈАВНИ ПРИХОДИ |
| Налогодавач | Примач |
| Назив на налогодвачаот | Назив на налогопримачот<br>Министерство за финансии Скопје |
| Банка на налогодавачот | Банка на примач<br>Народна Банка на Република Северна Македонија |
| Трансакциска сметка на налогодавачот | Трансакциска сметка на налогопримачот<br>100000000063095 |
| Даночен/матичен број или ЕМБС | Износ<br>5.000,00 МКД |
| Повикување на број (задолжување) | Уплатна сметка<br>840 xxx 06889 |
| Цел на дознаката<br>Уплата на надомест за продолжување на лиценцата | Сметка на буџетски корисник |
| Потпис | Приходна шифра и програма: 71813900 — Начин: 2 |
| Налог ПП50 | Датум на валута — Место |

**Прилог 5**

Датум на валутата | НАЛОГ ЗА ЈАВНИ ПРИХОДИ

| Налогодавач | Примач |
|---|---|
| Назив на налогодвачаот: | Назив на налогопримачот: Министерство за финансии Скопје |
| Банка на налогодавачот: | Банка на примач: Народна Банка на Република Северна Македонија |
| Трансакциска сметка на налогодавачот: | Трансакциска сметка на налогопримачот: 100000000063095 |
| Даночен/матичен број или ЕМБС: | Износ: 15.000,00 МКД |
| Повикување на број (задолжување): | Уплатна сметка: 840 xxx 06889 |
| Цел на дознаката: Уплата на надомест за продолжување на лиценца над три објекти | Сметка на буџетски корисник: |
| Потпис: | Приходна шифра и програма: 71813900; Начин: 2 |
| Налог ПП50 | Датум на валута: ; Место: |

**Прилог 6**

| | |
|---|---|
| Датум на валутата | НАЛОГ ЗА ЈАВНИ ПРИХОДИ |
| Налогодавач | Примач |
| Назив на налогодвачаот | Назив на налогопримачот: Министерство за финансии Скопје |
| Банка на налогодавачот | Банка на примач: Народна Банка на Република Северна Македонија |
| Трансакциска сметка на налогодавачот | Трансакциска сметка на налогопримачот: 100000000063095 |
| Даночен/матичен број или ЕМБС | Износ: МКД |
| Повикување на број (задолжување) | Уплатна сметка: 840 xxx 06889 |
| Цел на дознаката: Уплата за платен надоместок во висина од 0,05% од вкупниот промет | Сметка на буџетски корисник |
| Потпис | Приходна шифра и програма: 71813900 / Начин: 2 |
| Налог ПП50 | Датум на валута / Место |